**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

**за III одделение**

**Скопје, 2022 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Англиски јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | III (трето) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | ● Јас и другите во домот<br>● Јас и другите во училиштето<br>● Јас и другите во мојата непосредна околина<br>● Јас и другите во слободното време |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | Со цел успешна реализација на наставата по англиски јазик во трето одделение, ќе се користат:<br>● компјутер, печатач, проектор, табла<br>● кукли за игровни активности, фотографии, слики, играчки<br>● материјал за изработка на роденденски честитка/и, хартија, ножици, хартија во боја, лепак, блокови, пластелини, дрвени боички, фломастери. |
| **Норматив на наставен кадар** | - завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик и книжевност (со звање професор по англиски јазик и книжевност), VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик – VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | - завршени четиригодишни студии на студиската програма македонски и англиски јазик (со стекнат стручен назив професор по македонски и англиски јазик), VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени двопредметни студии по англиски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-A.1 | да разбере реченици и често употребувани фрази што се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (како лични и семејни информации, потреби и интереси); |
| II-A.5 | да комуницира во конкретни и секојдневни ситуации кога се бара едноставна и директна размена на информации на познати теми; |
| II-A.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не јапопречуваат комуникацијата, |
| II-A.7 | да користи најчесто употребувани искази и реченици кои произлегуваат од непосредното искуство и/или се однесуваат на теми и ситуации од непосреден интерес; |
| II-A.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила. |
| II-A.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комуникација со припадници на различни културни/јазични групи; |

| | |
|---|---|
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури; |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјата **Дигитална писменост, Личен и социјален развој и Општество и демократска култура** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки, |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн), |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава, |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува, |

| | |
|---|---|
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации, |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: **ЈАС И ДРУГИТЕ ВО ДОМОТ**
Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. се поздравува, се претставува себеси, бара соговорникот да се претстави / збогува на неформален начин, преку поставување прашања и давање одговори при остварување прв контакт;
2. го претставува своето потесно и пошироко семејство пред соговорници;
3. го разбира значењето на определен број зборови и истите ги користи во соодветен контекст, членови на своето потесно и пошироко семејство, простории (соби) и предмети во домот;
4. даде физички опис на одредена просторија (соба) во својот дом и предметите во неа;
5. ги користи личните заменки, показните заменки this/that, присвојните придавки и предлозите за место при формулирање на едноставни реченици во Present Simple Tense (to be - потврдна, одречна и прашална форма) во контекст на претставување, присвојност и опишување на потесното и поширокото семејство и домот.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>● поздравување и збогување (неформално):<br>A: Hi, my name is Albert.<br>How do you do?<br>B: Hi Albert. | ● Учествува во кус дијалог преку соодветно возвраќање (надоврзување) на неформални поздрави, внимателно следејќи го соговорникот, под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците; |

| | |
|---|---|
| I'm Sara.<br>How do you do?<br><br>A: Bye bye, Daria.<br>See you soon.<br>B: Bye David.<br>Have a nice weekend.<br>● претставување себеси и членови на своето потесно и пошироко семејство: I'm from Italy and I'm in Grade 3. This is my family: my dad, my mum, my two sisters and I. I have got cousins. I love my family very much.<br>● опишување на просторија (соба) од својот дом: Come in my big room. The walls are green, blue and yellow. I have got a small desk, a lamp, a bed and a white closet in my room. | ● Слухово препознава и идентификува усвоени лексички единици на теми поврзани со членовите на своето потесно и пошироко семејство, просториите (собите) во домот и предметите во нив;<br>● Идентификува дадена илустрација по кус слушнат исказ поврзана со усвоените лексички единици на теми поврзани со членовите на своето потесно и пошироко семејство, просториите (собите) во домот и предметите во нив;<br>● Репродуцира и самостојно продуцира лексички единици на теми поврзани со членовите на своето потесно и пошироко семејство, просториите (собите) во домот и предметите во нив. |
| б) Лексички единици:<br>● членови на потесното и поширокото семејство: parents (mother, father), grandparents (grandmother, grandfather), grandchildren (grandson, granddaughter), relatives (aunt, uncle, cousin)<br>● видови на живеалишта и простории (соби) во домот: a house, a flat, a block of flats, a bathroom, a bedroom, a living room, a dining room, a kitchen, stairs, upstairs/downstairs, walls, a door<br>● предмети во домот: an armchair, a wardrobe, curtains, a carpet, a shelf, a cupboard, a poster, a mat, a blanket, a TV | ● Именува членови од своето потесно и пошироко семејство;<br>● Воспостави прв контакт и да се претстави себе си и членовите на своето потесно и пошироко семејство;<br>● Одговара на едноставни прашања поврзани со информации за себе и членовите на своето семејство преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели;<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици на теми поврзани со членовите на своето потесно и пошироко семејство, простории (соби) и предмети во домот;<br>● Ги набројува предметите и просториите (собите) во домот;<br>● Опише физички изглед на одредена просторија (соба) во својот дом и предметите во неа со усвоените лексички единици и основните реченични модели; |

| | |
|---|---|
| | ● Одговара на едноставни прашања поврзани со информации за просториите (собите) и предметите во домот преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели;<br>● Учествува во кус дијалог преку соодветно претставување на членовите на своето потесно и пошироко семејство под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците;<br>● Учествува во кус дијалог на тема поврзана со својот дом (простории, соби, предметите во неа) со примена на основните реченични модели, под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците; |
| в) Граматички структури:<br>● лични заменки: I, you, he/she/it, we, you, they<br>● показни заменки (еднина): This /That is…<br>● предлози за место: on, in, under, above, behind, in front of<br>● присвојни придавки: My, your, his/her/its, our, your, their: my grandparents / his uncle; Our teacher is tall.<br>● глаголи (кои соодветствуваат со лексиката): go, cook, sleep<br>● Present Simple Tense of TO BE (потврдна форма): I am / You are / He/she/it is, We are, You are, They are<br>● Present Simple Tense of TO BE (одречна форма): I am not / You are not / He/She/It is not / We are not / You are not / They are not<br>● Present Simple Tense of TO BE (прашална форма): Am I? / Are you? / Is he/she/it? / Are we? / Are you? / Are they?<br>● Present Simple Tense of TO HAVE GOT (потврдна форма): I have got a big family. She has got a small room. | ● Одговара на едноставни прашања поврзани со претставување на себеси и членовите на своето потесно и пошироко семејство;<br>● Ги употребува личните заменки при претставување себеси и членови од своето потесно и пошироко семејство;<br>● Ги користи показните заменки во едноставни реченици при посочување предмет/лице што просторно се наоѓа блиску/далеку од соговорникот;<br>● Ги користи присвојните придавки во едноставни реченици за искажување присвојност;<br>● Ги употребува предлозите за место in, on, under, above, behind, in front of (местоположба на предметите во домот) во едноставни реченици при опишување на простории (соби) и предмети во домот;<br>● Правилно ги применува граматичките структури при претставување, искажување присвојност и давање кратки описи.<br>● Ги користи често употребуваните прашални реченици кои произлегуваат од непосредното искуство со примена на Present Simple Tense of TO BE (на ниво на препознавање). |

| | |
|---|---|
| ● Present Simple Tense of TO HAVE GOT (одречна форма): I haven’t got a pink armchair. / She hasn’t got a mat. | |
| г) Интеркултурни содржини[1]:<br>● Halloween: face paint, sweets, skeleton, scary, jack-o’-lantern<br>● Abracadabra! Happy Halloween!<br>● Trick or treat!<br>● Европскиот ден на јазиците (26 септември)/ The European Day of Languages: We love English. | ● Идентификува и разликува празници по слушнат исказ;<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици на тема поврзана со празникот Halloween;<br>● Честита Halloween;<br>● Го одбележува Европскиот ден на јазиците (26 септември) |

**Примери на активности:**

- Учениците во парови се поздравуваат и збогуваат на неформален начин.
- Наставникот поздравува и се претставува себеси, членовите на своето потесно и пошироко семејство, а учениците соодветно не/вербално реагираат на споделени информации.
- Наставникот со правилна интонација ги изговара лексичките единици поврзани со членовите на потесното и поширокото семејство, просториите (собите) и предметите во домот, а истите учениците ги повторуваат (Listen and repeat).
- Учениците преку активности со игри го увежбуваат усвоениот вокабулар:
  - Игра *Knock-knock*: Учениците погодуваат кој тропа на клупата додека се завртени со грб. На пр. Is it David? Yes, it is./No, it isn't.
  - Игра *Charades*: Учениците со мимика опишуваат одреден збор, а останатите го погодуваат.
  - Игра *Last Man standing Game*: Учениците составуваат круг и си подаваат топка. Ученикот/чката кај кој/а што е топката кажува збор поврзан со темата Family. Ако некој од ученицте го повтори зборот или не му текнува нов збор седнува. Победник е оној што останува да стои (ученикот/чката кој/а совладал/а поголем фонд од лексичките единици за одредената тема).
  - Игра *Pictionery* - учениците се поделени во две групи каде што цртаат одреден предмет од својот дом, а другата група треба да го погоди предметот поставувајќи прашања.
- Учениците ја опишуваат местоположбата на одредени предмети во училиницата во однос на други предмети. На пр. The chair is behind the desk. The book is on the table. (Look and say).

[1] Интеркултурните содржини се наведени во рамки на темите на кои им припаѓаат, но се очекува да бидат реализирани во периодот кога се празнува конкретниот празник опфатен во самата содржина, независно од периодот кога се реализираат останатите содржини од темата.

- Учениците го претставуваат своето семејство преку цртежи или фотографии донесени од нивните фамилијарни албуми. На пр. This is my mum. This is my sister. That is my grandfather.
- Учениците ги погодуваат роднинските врски. На пр. She is my mum’s sister. Who is she?....Your aunt. He is my father’s father. Who is he?........Your grandfather.
- Учениците го цртаат својот дом како одговор на прашањето на наставникот: Where do you live?
- Учениците пеат Nursery rhymes и песнички, како: *Family Members Song, My house song*
- Учениците изработуваат декорации, маски/костими за Halloween.
- Учениците изработуваат реквизити за роденденска забава ( роденденски капи, украси, конфети)
- Учениците го одбележуваат Европскиот ден на јазиците со тоа што претходно секој ученик ќе научи по еден збор со исто значење на повеќе јазици. На пр. Благодарам./ Thank you. / Faleminderit./ Хвала./ Teşekkürler./ Grazie. /Merci./ Danke./ Gracias./ Спасибо.

Тема: **ЈАС И ДРУГИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО**
Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. комуницира преку соодветно возвраќање (надоврзување) на формални поздрави со примена на моделите на културно однесување;
2. брои од 1 до 50 (со полни десетки) во различен контекст;
3. го разбира значењето на слушнати лексички единици на теми поврзани со училишната средина, облека и дводимензионалните и тродимензионалните геометриски форми (облици);
4. формира кратки исказни реченици со примена на усвоените глаголи во Present Simple Tense (to be - потврдна, одречна и прашална форма, to have got - потврдна, одречна и прашална форма) во контекст на претставување, присвојност и искажување што поседува / не поседува.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>• поздравување и збогување (формално): Good morning, Mr Brown. It’s nice to see you! Have a nice week!<br>• модели на културно однесување: Here you are! / Thank you! / You’re welcome!<br>• опишување на облека: These are her boots. She has got 4 belts. | • Воспоставува прв контакт на формален начин и се претставува себеси;<br>• Учествува во кус дијалог преку соодветно возвраќање (надоврзување) на формални поздрави со примена на моделите на културно однесување, на тема поврзана со облека, внимателно следејќи го соговорникот, под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците;<br>• Идентификува дадена илустрација по слушнат исказ поврзана со усвоените лексички единици на теми поврзани со облека;<br>• Репродуцира и продуцира лексички единици на теми поврзани со облека. |

| | |
|---|---|
| • броење до 50 (со полни десетки): one, two, three… / thirty, forty, fifty | • Одговара (со невербален јазик) на поставена слушната задача поврзана со броеви од 1 до 50 (со полни десетки);<br>• Идентификува и разликува броеви од 1 до 50 ( со полни десетки) по кус слушнат исказ;<br>• Редоследно ги продуцира лексичките единици поврзани со броевите од 1 до 50 ( со полни десетки);<br>• Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици поврзани со броеви од 1 до 50 ( со полни десетки) во едноставни исказни реченици;<br>• Визуелно ја препознава графијата на броевите од 1 до 50 (со полни десетки). |
| б) Лексички единици:<br>• училиште: a library, a classroom, bookshelves, a blackboard, a chalk, a cupboard, a map, a globe, a sharpener<br>• облека: a tie, a belt, gloves, a scarf, boots, a coat, a dress, a shirt<br>• дводимензионални и тродимензионални геометриски форми (облици): oval, square, diamond, round, pyramid, cone, ball<br>• броеви до 50 | • Ги идентификува и разликува лексичките единици на теми поврзани со училишната средина, облека, дводимензионалните и тродимензионалните геометриски форми (облици) по кус слушнат исказ;<br>• Ги набројува усвоените лексички единици поврзани со училиштето, облеката, дводимензионалните и тродимензионалните геометриски форми (облици);<br>• Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици на теми поврзани со училишната средина, облека, дводимензионални и тродимензионалните геометриски форми (облици). |

| | |
|---|---|
| в) Граматички структури:<br>● лични заменки: I, you, he/she/it, we, you, they<br>● показни заменки (еднина и множина): This is my scarf. These are my gloves.<br>● предлози за место: on, in, under, above, behind, in front of<br>● присвојни придавки: My, your, his/ her/ its, our, your, their.<br>● глаголи (кои соодветствуваат со изучените лексички единици): wear, work, do, clean<br>● глаголи (кои покажуваат секојдневни активности): read, listen, watch<br>● глаголи (кои укажуваат на активност): hide and seek, skip, play, climb, fly, ride<br>● Present Simple Tense of TO BE (потврдна форма): I am / You are / He/she/it is / We are / You are / They are<br>● Present Simple Tense of TO BE (одречна форма): I am not / You are not / He/She/It is not / We are not / You are not / They are not<br>● Present Simple Tense of TO BE (прашална форма): Am I? / Are you? / Is he/she/it? / Are we? / Are you? / Are they?<br>● Present Simple Tense of TO HAVE GOT (потврдна форма): I have got a globe. / She has got new boots.<br>● Present Simple Tense of TO HAVE GOT (одречна форма): I haven’t got a map. / She hasn’t got bookshelves.<br>● Present Simple Tense of TO HAVE GOT (прашална форма): Have you got a scarf? | ● Правилно ги употребува личните заменки;<br>● Ги користи показните заменки (еднина и множина) во едноставни реченици при посочување предмет- и/лице-а што просторно се наоѓаат блиску до соговорникот;<br>● Ги употребува предлозите за место in, on, under, above, behind, in front of (местоположба на предметите) во едноставни реченици при опишување на облека и предмети во училиштето;<br>● Ги користи присвојните придавки во контекст на искажување присвојност;<br>● Ги идентификува и употребува глаголите кои соодветствуваат со изучените лексички единици (wear, work, do, clean) во соодветен контекст;<br>● Ги идентификува и употребува глаголите кои укажуваат на активност (jump, run, play, climb, fly, ride) во соодветен контекст;<br>● Ги идентификува и употребува глаголите кои покажуваат секојдневни активности (sit, read, listen, watch) во соодветен контекст;<br>● Правилно ги применува граматичките структури при претставување и искажување што поседува / не поседува во однос на училишни предмети и облека;<br>● Одговара на едноставни прашања поврзани со информации за училиштето, облека, дводимензионални и тродимензионални геометриски форми (облици) и присвојност преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели;<br>● Ги користи често употребуваните прашални реченици кои произлегуваат од непосредното искуство со примена на Present Simple Tense of TO HAVE GOT;<br>● Учествува во кус разговор преку своја активна вклученост, самостојно искажувајќи ставови и факти со примена на основните реченични модели. |
| г) Интеркултурни содржини: | ● Идентификува и разликува празници по слушнат исказ; |

| | |
|---|---|
| ● Happy Thanksgiving!<br>● Christmas: elf, reindeer, stocking, traditions, chimney<br>● Merry Christmas!<br>● Happy New Year!<br>● Светскиот ден на детето (20 ноември)/ World Children's Day | ● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици на теми поврзани со празниците Thanksgiving Day, Christmas, New Year;<br>● Честита Ден на Благодарноста;<br>● Честита Божиќ;<br>● Честита Нова година.<br>● Го одбележува Светскиот ден на детето (20 ноември) |

**Примери на активности:**

- Учениците формално се поздравуваат во меѓусебен дијалог со Good morning/afternoon!
- Учениците наизменично и последователно ги кажуваат броевите од 1 до 50 (со полни десетки). Учениците кои ќе погрешат излегуваат од игра.
- Учениците цртаат геометриски фигури според инструкциите зададени од страна на наставникот. На пр. Draw a square. (Picture dictation)
- Учениците идентификуваат предмети од реалниот живот (предмети во училницата) со илустративно зададени форми (дводимензионални и тродимензионални геометриски облици). На пр. a clock = circle. (Find and say)
- Учениците го/ги допираат предметот/тите по слушнат исказ на наставникот. На пр. This is a pencil. (Допираат еден предмет во нивна непосредна околина.) These are books. (Допираат повеќе предмети во нивна непосредна околина).(Listen and touch)
- Учениците ја цртаат својата училница и потоа ги опишуваат предметите во неа. (Draw and describe)
- Учениците преку активности со игри го увежбуваат усвоениот вокабулар:
  - Игра *Memory Game* - Наставникот покажува илустрација со одредена облека и истата ја покрива. Учениците ја цртаат и ја опишуваат дадената облека според нивното сеќавање.
  - Игра *Drawing game*-Учениците ги обојуваат и сечкаат претходно изготвени шаблони со облека, потоа ги лепат/„облекуваат“ на нивниот нацртан лик и даваат краток опис.
  - Игра *True/False*- Еден ученик/ученичка кажува еден исказ, а останатите ученици погодуваат дали исказот е точен или погрешен. На пр. I have got two sisters……False.
  - Игра *Hot potato game*- Ученикот/Ученичката држи едно топче (на одредено време) додека да каже збор поврзан со училиштето и потоа го подава топчето на следниот ученик/ученичка.
  - Игра *Role Play* - Учениците преку игра на улоги меѓусебе си подаруваат подароци каде што учтиво се обраќаат и одговараат. На пр. Here you are. / Thank you.
  - Игра *Guessing game* - Ученикот/-ката опишува еден предмет од училницата додека останатите ученици погодуваат. На пр. You sit on it...It’s a chair./ You write with it on the board….It’s chalk.
  - Игра *Make me say Yes, I have*-Учениците поставуваат прашања со Have you got…? и добиваат поен за секој потврден одговор.

- Учениците фрлаат коцка и ги изведуваат активностите согласно претходно означениот глагол на дадената страна на коцката (jump, run, play, climb, fly, ride).
- Учениците илустрираат порака за благодарност за одбележување на Денот на Благодарноста.
- Учениците го цртаат и опишуваат подарокот кој би сакале да го добијат за Божиќ/Нова Година.
- Учениците слушаат и пеат песнички: *Shapes learning for Kids Song, Classroom Objects Song*
- Учениците играат игра со усно дополнување на реченицата: I am happy when I …. (when I sing./ when I play./ when I go out.)

Тема: **ЈАС И ДРУГИТЕ ВО МОЈАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА**
Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ја препознае графијата на буквите од англиската азбука (латиница) и истите самостојно да ги изговара и пишува; (Се препорачува да се воведуваат 3-4 букви на еден наставен час);
2. да поврзе слика со значењето на слушнати лексички единици на теми поврзани со непосредната околина ( места) / животни и нивните малечки / прехранбени продукти (храна и пијалоци) / делови од телото;
3. ја опишува својата непосредна околина, својот физички изглед и физичкиот изглед на различни животни со усвоените основни реченични модели;
4. користи лични заменки, именки, описни придавки, придавки (бои), како и определен број глаголи при формулирање на едноставни реченици во Present Simple Tense (to be - потврдна, одречна и прашална форма, to have got - потврдна, одречна и прашална форма, to like - потврдна, одречна и прашална форма) во контекст на опишување, разликување еднина и множина, како и неправилна множина кај одредени именки, разликување бои и искажување присвојност во едноставни исказни реченици;
5. ги споредува прехранбените продукти на ниво на допаѓање/недопаѓање.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>• претставување животни и нивните малечки: It is a duck. They are ducklings.<br>• опишување животни и нивните малечки: My hamster is big and grey. It has got a short tail.<br>• опишување себеси: I have got 10 fingers and toes. I have got short hair. | • Идентификува и правилно ги изговара графичките симболи на англиската азбука (латиница) се препорачува да се воведуваат 3-4 букви на еден наставен час;<br>• Пишува графички симболи за буквите од англиската азбука (латиница) редоследно;<br>• Правилно ги идетификува и редоследно ги именува/искажува буквите од англиската азбука; |

| | |
|---|---|
| • искажување допаѓање / недопаѓање: I like juice. I don't like carrots. | • Ги разликува и именува животните и нивните малечки преку прикажана фотографија или аудиовизуелен приказ;<br>• Ги применува лексичките единици за прехранбени продукти (храна и пијалоци) и делови од телото во одреден контекст;<br>• Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици на теми поврзани со животни и нивните малечки/прехранбени продукти (храна и пијалоци)/делови од телото;<br>• Споредува прехранбени продукти на ниво на допаѓање/недопаѓање. |
| б) Лексички единици:<br>• места: the cinema, the playground, the hospital, a bus stop, a swimming pool, a museum<br>• животни и нивните малечки: a duck/a duckling, a sheep, a hamster, a giraffe, a lion, a monkey, a zebra, a parrot, a hippo, a bee, a lizard, a turtle<br>• прехранбени продукти (храна, пијалоци и оброци): a biscuit, a lemon, a mango, a smoothie, fruits, grapes, beans, bread, soup, lemonade, juice, breakfast, lunch, dinner, snacks<br>• делови од телото: a head (eyes, ears, a nose, hair, a mouth, cheeks, a chin, lips, teeth), shoulders, arms, hands, fingers, legs, knees, feet, toes, wings, tail, nails, wrist | • Идентификува, разликува и визуелно поврзува слика на одредени усвоени лексички единици на теми поврзани со непосредната околина (места), животни и нивните малечки, прехранбени продукти и делови од телото, како и на своето име, на претходно усвоени усни модели по кус слушнат исказ;<br>• Прикаже места во својата непосредна околина (места), животни, прехранбени продукти и делови од телото преку нивно цртање и правилно обојување, како и гласовно имитирање (за животни);<br>• Составува одредени едноставни усвоени лексички единици на теми поврзани со непосредната околина (места), животни и нивните малечки, прехранбени продукти и делови од телото од дадени букви по измешан редослед и да го поврзува правописот на зборот со значењето, особено кај зборови кои се разликуваат по само една буква;<br>• Чита одредени усвоени лексички единици на теми поврзани со непосредната околина (места), животни и нивните малечки, прехранбени продукти и делови од телото на претходно усвоени усни модели внимавајќи во изговорот;<br>• Пишува одредени усвоени лексички единици на теми поврзани со непосредната околина (места), животни и нивните малечки, прехранбени продукти и делови од телото, како и своето име, на претходно усвоени усни модели.<br>• Одговара на едноставни прашања поврзани со своето мислење (допаѓање/недопаѓање) кон одредени места, животни и нивните малечки, прехранбени продукти и делови од телото ; |

| | |
|---|---|
| | ● Одговара на едноставни прашања на теми поврзани со својата непосредна околина (места), животни и нивните малечки, прехранбени продукти и делови од телото, преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели;<br>● Ја опишува својата непосредна околина (места), животни и нивните малечки, прехранбени продукти и делови од телото со усвоените лексички единици и основните реченични модели;<br>● Учествува во кус дијалог на теми поврзани со својата непосредна околина (места, поврзани со себеси, различните животни и прехранбени продукти) под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците;<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички едници на теми поврзани со со непосредната околина (места). животни и нивните малечки, прехранбени продукти и делови од телото).<br>● Одговара на едноставни прашања на теми поврзани со непосредната околина (места), себеси и различните животни (физички опис) преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели. |
| в) Граматички структури:<br>● лични заменки: I, you, he/she/it, we, you, they<br>● еднина и правилна множина (именки): a lion/lions, a lemon/lemons, an arm/arms - неправилна множина кај a foot/feet, a tooth/teeth<br>● описни придавки (кои соодветствуваат со изучените лексички единици): large, tasty, nice: It is a large bee. / He is a nice teacher. / This is tasty food.<br>● придавки (бои): gold, silver<br>● Present Simple Tense of TO BE (потврдна форма): I am / You are / He/she/it is / We are / You are / They are | ● Се опише физички себеси и различните животни, како и да искаже допаѓање / недопаѓање на теми поврзани со прехранбени продукти, со примена на усвоените лексички единици и основните реченични модели;<br>● Препознава и разликува именки во еднина и множина, како и неправилна множина кај одредени именки по кус слушнат исказ;<br>● Ги препознава и ги користи описните придавки (large, tasty, nice) во соодветен контекст при опишување;<br>● Ги препознава / именува / разликува / користи боите: gold, silver преку соодветните придавки во различен контекст;<br>● Одговара на едноставни прашања поврзани со својата непосредна околина преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели;<br>● Правилно ги применува граматичките структури при опишување на себеси и животните; |

| | |
|---|---|
| • Present Simple Tense of TO BE (одречна форма): I am not / You are not / He/She/It is not / We are not / You are not / They are not<br>• Present Simple Tense of TO BE (прашална форма): Am I? / Are you? / Is he/she/it? / Are we? / Are you? / Are they?<br>• Present Simple Tense of TO HAVE GOT (потврдна форма): They have got sheep. / She has got long nails.<br>• Present Simple Tense of TO HAVE GOT (одречна форма): I haven’t got a lizard. / She hasn’t got curly hair.<br>• Present Simple Tense of TO HAVE GOT (прашална форма): Have you got a parrot?<br>• Present Simple Tense of TO LIKE (потврдна форма): I like grapes. You like lemons.<br>• Present Simple Tense of TO LIKE (одречна форма): I don’t like lemonade. We don’t like beans.<br>• Present Simple Tense of TO LIKE (прашална форма): Do you like milk? Do we like soup?<br>• глаголи (кои соодветствуваат со лексиката): make, like/don't like, want, see, give, find, walk<br>• исказни реченици: Zebras are black and white. They have got 4 legs. They don’t have arms. Look, it’s a very tall zebra! | • Правилно ги употребува граматичките структури при искажување што поседува/не поседува;<br>• Ги користи често употребуваните прашални реченици кои произлегуваат од непосредното искуство со примена на Present Simple Tense of TO HAVE GOT;<br>• Ја разликува потврдната и одречната форма од глаголот to like и правилно ги користи во соодветен контекст;<br>• Ги користи често употребуваните прашални реченици кои произлегуваат од непосредното искуство со примена на to like;<br>• Ги идентификува и употребува глаголите (кои соодветствуваат со изучените лексички единици): make, like/don't like, want, see, give, find, walk, eat, drink, smell;<br>• Репродуцира и самостојно продуцира едноставни исказни реченици. |
| г) Интеркултурни содржини:<br>• Valentine’s Day: flowers, roses, poem, box of chocolates<br>• Be mine!<br>• I miss you!<br>• Mother’s Day: presents, kisses | • Идентификува и разликува празници по слушнат исказ;<br>• Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици на теми поврзани со празниците;<br>• Честита ден на вљубените!<br>• Честита ден на мајката!<br>• Честита Велигден! |

| | |
|---|---|
| ● April Fool's Day<br>● Easter: egg hunt, lamb, chocolate, candy | ● Априлилили! |

**Примери на активности:**

- Учениците преку активности со игри го увежбуваат усвоениот вокабулар:
  - Игра *Do as I say, not as I do* - Наставникот дава инструкции на учениците да направат некој гест додека тој/таа прави нешто сосема друго. На пр. Touch your nose! додека наставникот ги допира очите и сл.
  - Игра *Board Race* -Наставникот ја дели таблата на два дела со една линија на средина и пишува наслов од одредена тема (Clothes) на која учениците наизменично (во групи) пишуваат колку е можно повеќе зборови на дадената тема.
  - Игра *True/False* - Учениците погодуваат дали зборовите што ги кажува наставникот се поврзани со соодветниот празник на пр. Easter Holiday------Christmas tree…...False; Eggs….True, etc.
  - Игра *Miming Game* -Учениците со мимики ги објаснуваат картичките со описни придавки (nice, tasty, large), а другите ученици погодуваат за кои придавки станува збор.
- Учениците ја слушаат и пеат песничката *I've got a robot song* и песнички како: *Do you like broccoli?; Color Songs Collection; Big,Big, Big-Adjective Song; Heart Song for Kids (Valentine's Day).*
- Наставникот покажува флеш карти со веќе усвоените лексички единици ( a pizza, a foot) додека пак учениците ги искажуваат нивните множински форми (правилна и неправилна множина кај именките);
- Наставникот покажува постер со храна, а учениците искажуваат/пишуваат кратки искази за тоа што им се допаѓа/не им се допаѓа од дадениот сликовит приказ (I like pizza, I do not like pasta, etc.)
- Учениците ги спојуваат сликите со напишаните лексички единици (описни придавки и изучениот вокабулар) на даден наставен лист однапред подготвен од страна на наставникот (matching acitvities).
- Учениците пишуваат пораки за April Fool's Day и ги закачуваат на паното во училницата.
- Учениците изработуваат оригами-срциња за одбележување на Денот на вљубените.
- Учениците пишуваат порака во честитка за одбележување на Денот на мајката.

Тема: **ЈАС И ДРУГИТЕ ВО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ**
Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. Поврзува текст со слика на теми поврзани со слободното време (годишни времиња/одмори, месеци, денови во седмицата, делови од денот, цели часови/време, превозни средства, изрази од секојдневието и едноставни куси искази) и истите ги користи во соодветен контекст;
2. се извини, замоли, се заблагодари, учтиво побара и прифати/одби нешто со формите на учтиво изразување и побара дозвола со примена на модалниот глагол CAN ;

3. изрази што умее и што не умее да направи, да побара дозвола и да понуди нешто (со примена на модалниот глагол CAN) во однос на одредена активност;
4. користи лични заменки, именки, придавки (бои), како и определен број глаголи при формулирање на едноставни реченици во Present Simple Tense (to be - потврдна, одречна и прашална форма, to have got - потврдна, одречна и прашална форма) во контекст на опишување (годишни времиња/одмори, месеци, денови во седмицата, делови од денот, цели часови/време, превозни средства и изрази од секојдневието), искажување присвојност и искажување активност во исказни реченици.
5. чита и пишува зборови, именски групи, куси реченици и куси искази (кои изразуваат мисловна целина) на позната тематика соодветна на возраста.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>● учтиво изразување (извинување, замолување, заблагодарување, учтиво барање и барање дозвола со примена на модалниот глагол CAN)*: Please. I'm sorry. Thank you. Yes, please. No, thank you. Can I play with your car? Can I borrow your pen?*<br>● изразување што умее и не умее (со примена на модалниот глагол CAN и барање дозвола со CAN и нудење)*: I can ride a bike. (I can't draw a turtle.) / Can you walk the dog? / Welcome! / Here you are! / Would you like a sandwich?* | ● Именува јазични форми на учтиво изразување во кус дијалог/ контекст;<br>● Идентификува и разликува јазични форми на учтиво изразување преку слушнат и пишан контекст;<br>● Репродуцира и самостојно продуцира исказни реченици поврзани со активности кои ги отсликуваат личните способности;<br>● Применува јазични форми на учтиво изразување во кус дијалог/ контекст;<br>● Учествува во кус дијалог преку употреба на јазичните форми на учтиво изразување (извинување, замолување, заблагодарување, учтиво барање и нудење со примена на модалниот глагол CAN) соодветни на контекстот, под услов другото лице да зборува бавно и јасно со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците. |
| б) Лексички единици:<br>● годишни времиња (одмори): spring, summer, autumn, winter, summer / winter holidays<br>● месеци: January, February, March…<br>● денови во седмицата: Monday, Tuesday, Wednesday, Thursday, Friday, Saturday, Sunday, weekdays, weekend<br>● делови од денот: day, night, morning, afternoon, evening<br>● цели часови (време): nine o'clock, eleven o'clock<br>● превозни средства: a helicopter, a lorry, a taxi, a skateboard, a motorbike, a scooter | ● Поврзува текст со слика на одредени лексички единици (годишни времиња/одмори, месеци, денови во седмицата, делови од денот, цели часови/време, превозни средства и изрази од секојдневието) и едноставни куси искази на претходно усвоени усни модели;<br>● Составува одредени едноставни куси искази од дадени лексички единици (годишни времиња/одмори, месеци, денови во седмицата, делови од денот, цели часови/време, превозни средства и изрази од секојдневието) по измешан редослед;<br>● Чита одредени лексички единици (годишни времиња/одмори, месеци, денови во седмицата, делови од денот, цели часови/време, превозни средства и изрази од секојдневието) и едноставни куси искази на претходно усвоени усни модели, внимавајќи на изговорот на зборот, паузата меѓу зборовите во исказот и интонацијата; |

| | |
|---|---|
| ● изрази (поврзани со дневните рутини): get up, get dressed, comb your hair, go to school, have breakfast, go to bed, take a bus<br>● изрази ( поврзани со слободното време): visit my grandparents, play computer games, ski, play basketball | ● Пишува одредени лексички единици (годишни времиња/одмори, месеци, денови во седмицата, делови од денот, цели часови/време, превозни средства и изрази од секојдневието) и едноставни куси искази на претходно усвоени усни модели, внимавајќи на карактеристиките на реченицата во пишана форма (голема почетна буква и соодветен интерпункциски знак на крај);<br>● Ги категоризира 4-те годишни времиња и нивните карактеристики;<br>● Ги користи деновите во седмицата и деловите од денот во одреден соодветен контекст;<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици, именски групи и куси реченици на теми поврзани со дневните рутини и слободното време.<br>● Следи едноставни куси инструкции и невербално реагира на истите;<br>● Идентификува и разликува усвоени лексички единици на теми поврзани со слободното време и превозни средства по кус слушнат исказ; |
| в) Граматички структури:<br>● лични заменки: I, you, he/she/it, we, you, they<br>● глаголи (кои соодветствуваат со лексичките единици): read, sit, talk, drive, ride, comb, brush, wash, finish<br>● Present Simple Tense of TO BE (потврдна форма): I am / You are / He/she/it is / We are / You are / They are<br>● Present Simple Tense of TO BE (одречна форма): I am not / You are not / He/She/It is not / We are not / You are not / They are not<br>● Present Simple Tense of TO BE (прашална форма): Am I? / Are you? / Is he/she/it? / Are we? / Are you? / Are they? | ● Ги разбира и ги користи личните заменки за сите лица во еднина и множина;<br>● Ги препознава и ги користи предвидените глаголи кои соодветствуваат со лексичките единици: read, sit, talk, drive, ride, comb, brush, wash, finish;<br>● Ги искажува и опишува (годишни времиња/одмори, месеци, денови во седмицата, делови од денот, цели часови/време, превозни средства) со формата на глаголот TO BE во Present Simple Tense;<br>● Ги користи често употребуваните прашални реченици кои произлегуваат од непосредното искуство со примена на Present Simple Tense of TO HAVE GOT;<br>● Ја разликува потврдната, одречната и прашалната форма од глаголот to like и правилно ги користи во соодветен контекст;<br>● Репродуцира исказни реченици (кои формираат мисловна целина) поврзани со активности со годишни времиња/одмори, месеци, денови во седмицата, делови од денот, цели часови/време, превозни средства и изрази од секојдневието;<br>● Опишува активности кои ги изведува во своето слободно време со усвоените лексички единици (годишни времиња/одмори, месеци, денови |

| | |
|---|---|
| ● Present Simple Tense of TO HAVE GOT (потврдна форма): They have got a yellow scooter. / She has got a red bike.<br>● Present Simple Tense of TO HAVE GOT (одречна форма): I haven’t got a lorry. / She hasn’t got a motorbike.<br>● Present Simple Tense of TO HAVE GOT (прашална форма): Have you got a watch?<br>● Present Simple Tense of TO LIKE (потврдна форма): I like afternoons. You like January.<br>● Present Simple Tense of TO LIKE (одречна форма): I don’t like winter. We don’t like mornings.<br>● Present Simple Tense of TO LIKE (прашална форма): Do they like March? Do you like spring?<br>● исказни реченици (кои формираат мисловна целина): I am a student in this school. This is my friend Andrew. We go to school together by bus. Everyday we start classes at 8 o’clock. We finish school at 15 o’clock.<br>● модален глагол CAN (потврдна / одречна / прашална форма): Can I have your pencil? Can I have your skateboard? | во седмицата, делови од денот, цели часови/време, превозни средства и изрази од секојдневието) и основните реченични модели;<br>● Учествува во кус дијалог на теми поврзани со активности во своето слободно време под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците;<br>● Одговара на едноставни прашања поврзани со активности во своето слободно време преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели;<br>● Идентификува и разликува јазични форми за искажување што умее и не умее да направи во однос на одредена активност како и барање дозвола и нудење, преку слушнат контекст.<br>● Одговара на реченици кои изразуваат што умее и не умее да направи во однос на одредена активност;<br>● Репродуцира и самостојно продуцира јазични форми кои изразуваат што умее и не умее да направи во однос на одредена активност, како и барање дозвола и нудење;<br>● Учествува во кус дијалог поврзан со тоа што умее и не умее да направи во однос на одредена активност, барање дозвола и нудење, правилно применувајќи ги граматичките структури, под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците. |
| г) Интеркултурни содржини:<br>● International Earth Day: save the animals<br>● Father’s day: a collage poster, games, a song, a poem, love<br>● World Red Cross Day- 9th May<br>● Thank you for your help! | ● Идентификува и разликува празници по слушнат исказ;<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици на теми поврзани со празниците;<br>● Го одбележува Меѓународниот ден на планетата Земја;<br>● Честита ден на таткото;<br>● Го одбележува Меѓународниот Ден на Црвен Крст- 9 Мај<br>● Учтиво се заблагодарува за укажана помош; |

**Примери на активности:**

- Учениците преку активности со игри го увежбуваат усвоениот вокабулар:
    - Игра *Board Game*: Наставникот пишува на едната половина од таблата една реченица: Do you like….?, додека пак на другиот дел од таблата пишува зборови поврзани со усвоената лексика на теми (годишни времиња/одмори, месеци, денови во седмицата, делови од денот, цели часови/време, превозни средства и изрази од секојдневието), а учениците усно искажуваат реченци од типот: I like Monday, I like winter, etc.
    - Игра *Word-Puzzle*: Учениците поделени во парови/ мали групи ги пронаоѓаат зборовите за превозни средства (a helicopter, a lorry, a tram, a taxi, a skateboard, a motorbike, a scooter) во Word Puzzle кој што е претходно подготвен од страна на наставникот. Победуваат тие што прво ќе ги откријат сите поими.
    - Игра *Make a Model Clock Together*: Учениците самите изготвуваат часовник од хартија и потоа го прикажуваат и искажуваат точното време. На пр. It’s three o’clock. It’s five o’clock.
    - Игра *What can you do?* Учениците ги поврзуваат сликичките и изразите претходно подготвени од страна на наставникот за тоа што животните можат, односно не можат да прават. На пр. The dog can bark. The lion can roar. The rabbit can run fast.
- Наставникот им покажува на учениците лични предмети во одредените бои gold, silver, и им посочува на учениците да смислат по еден предмет што го имаат тие во таа боја и да го претстават пред останатите ученици во одделението на пример (I’ve got a silver pencil. I’ve got a golden ring.)
- Учениците составуваат зборови кои ги означуваат деновите од седмицата од дадени букви со измешан редослед. На пр. Mnoady = Monday (Scrambled letters)
- Учениците составуваат куси реченици од дадени зборови со измешан редослед. На пр. is It a bike = It is a bike. (Scrambled words)
- Наставникот запишува едноставни усвоени лексички единици на табла, а учениците истите усно ги спелуваат. На пр. C-A-R, B-U-S. (spelling)
- Наставникот запишува зборови/изрази поврзани со слободните активности на табла, а учениците истите ги користат за да ги дополнат празнините во дадени куси реченици, претходно подготвени од страна на наставникот. На пр. We watch _____ in the evening. I go to __________ from Monday to Friday. (gap filling).
- Учениците ги подредуваат лексичките единици за месеците согласно годишното време на кое припаѓаат. На пр. Summer = June, July, August (sorting and ordering activities).
- Учениците слушаат куса снимка/гледааат кусо видео поврзано со дневните рутини на учениците во Англија, а потоа заеднички се обидуваат усно да ги искажат своите дневни рутини. На пр. We get up at 7.00. We go to school at 8.00. (activities for sharing personal experience).
- На претходно подготвен наставен лист со куси реченици придружени со соодветна илустрација, учениците го заокружуваат модалниот глагол *Can/ Can’t* за да искажат кои од дадените активности што умеат/не умеат да ги направат. На пр. I can/can’t swim. (make the statement true for you)
- Учениците слушаат и читаат кус дијалог по улоги со изучените лексички единици и граматички структури.
- Учениците слушаат и пеат песнички: *Season Song; Daily Routine Song; Can you? Yes, I can; Months of the year song.*

- Учениците изработуваат постер со што го одбележуваат Меѓународниот ден на планетата Земја.
- Учениците гледаат кусо видео за одбележување на Меѓународниот ден на таткото (*Father's day special - Peppa pig*).
- Учениците организираат хуманитарна активност за да го одбележат Меѓународниот Ден на Црвен Крст.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во трето одделение по предметот Англиски јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, почетно читање со разбирање,

говорење (говорна интеракција и продукција) и почетно пишување (писмена интеракција и писмена продукција), и за таа цел, наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- вербалното и невербалното реагирање по слушнат исказ;
- изведбените активности (во игра на улоги).
- изработките (постери, илустрации, цртежи, модели и сл.);
- усните одговори на прашања поставени од наставникот/наставничката или од соучениците;
- учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- читањето и разбирањето куси искази и куси дијалози;
- правилното пишување зборови и куси реченици.

По завршување на учењето на секоја тема, учениците добиваат сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Сумативното оценување се користи во одредени периоди во наставната година и е поврзано со одредени периоди, крај на одделна тема, тримесечие, полугодие или крај на учебна година.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2023/2024 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по *Англиски јазик* за III одделение.** | бр. 12-14413/7<br>28.11.2022 година<br><br>Министер,<br>.Jeton Shaqiri<br><br>______________________________ |